

Иван Цанкар

# За човекот кој го изгуби убедувањето

Иван Цанкар
ЗА ЧОВЕКОТ КОЈ ГО ИЗГУБИ УБЕДУВАЊЕТО
(Од „Цртички“, 1899)

Превод од словенечки:
Лидија Димковска

Автор на фотографија на корица:
Vincent Bourilhon

Јоб Мрмоља имаше многу убаво, со зелена кожа подврзано и на рабовите малку излижано, убедување. Но, се случи едно утро Јоб Мрмоља да се разбуди и во истиот миг неизмерно да се преплаши. Имаше навика да го погледне своето убедување пред да се сврти за последен пат во постелата. Дотогаш убедувањето постојано си лежеше девствено и недопрено на масата и Јоб ги склопуваше очите и во полусон задоволно ќе се потапкаше по мевот. Денес убедувањето го немаше никаде. Скокна вознемирено од постелата и ги испреврте и испремести сите книги и документи расфрлани на масата. Најпосле го крена чаршафот и погледна оздола. Ама убедувањето го немаше ни под чаршафот... „Сигурно сум го заборавил во капутот; ѓавол знае како дошло до тоа...“ Го пребара капутот. „Не, не е во капутот ...“ По трипати пребара во секој џеб одделно, а во долниот, четири пати. Џебовите беа празни. Во својата нервозна расеаност пребаруваше и во панталоните и во елекот, но по неколку мига и самиот ја сфати бесмисленоста на она што го прави. „Како би можело такво нешто толку будалесто да се изгуби? Па не е игла. Убедувањето е долго најмалку дваесет и три сантиметри; како би можело да забега во панталоните или во елекот?“

Седна на креветот потпирајќи ја брадата со дланката. Започна да мисли каде сѐ се движел изминатиот ден, што правел, со

какви луѓе општел и кога последен пат го држел убедувањето в рака. Потајно знаеше дека дома се врати потпивнат, но бидејќи општо беше почитуван и сталожен човек не сакаше тоа изрично да го подвлече во сеќавањето...

Попладнето седеше во кафеаната и се препираше со Филемон Сова за слободата на печатот; потоа стана и загреано стапна до својот капут и од џебот го извлече убедувањето... Добро!.. До тој миг можеше да го следи сосема јасно и прецизно... Од кафеаната си замина околу три – да речеме околу три и пол. Навистина – на десната страна го стегаше кога ја запетла горната петлица; убедувањето беше ставено во внатрешниот џеб. Тоа значи беше околу три и пол... А подоцна? На плоштадот го сретна Семпронијј Сљука... Она што се случуваше по тој судбоносен миг се губеше во густа магла; само овде-онде можеше да ја крене тешката завеса; но она што го здогледа не беше ништо значајно: згоени, црвени лица, маси полеани со вино, превртени чаши... Го беше завел Семпронијј... Блазе си ти, Семпронијј: ти општо не си почитуван и сталожен човек и твоето убедување е долго само единаесет сантиметри; освен тоа е во вид на брошура и не ти создава маки кога го носиш!.... Јоб си ја чукаше главата, ама не му паѓаше ниедна паметна мисла. Што е право – еднаш удри по масата со некој предмет, ама тоа беше доцна во ноќта и не можеше да се сети дали удри со чаша, со клучот од дома или со своето убедување... Не, што би правел со убедувањето во толку доцен час? Накусо, сето тоа размислување не го доведе ни чекор поблиску до трага вредна за земање предвид...

Длабока жал му ја обзеде душата. Најпрвин реши да не касне ни залак и да не се напие ни капка сѐ дури не го најде своето убедувањее. Ама тоа решение му се виде претерано, штетно и непримерно за сериозен човек: затоа го повлече... Немирен и замислен се облече, се изми и ја исчешла косата по грешка во три паралелни патци... „Ако добро размислам, како што и

треба, мојот живот нема повеќе никаква вредност, никакво значење. Би можел да одам без рака, без око, да, дури и без нос би можел да живеам.. Ама кога човек нема убедување, тогаш е само уште сенка без тело, книга без содржина... Господи, па сигурно некаде останало!“...

Кога зачекори на улицата му се причини како да е изложен на секакви опасности со врзани раце. Порано имаше навика при секој чекор цврсто да удри со петата во тлото: сега повеќе не се осмелуваше. Дури ни мустаќите не си ги мазнеше кога ќе погледнеше во некој излог. Освен тоа, во желудникот му се лошеше, а под косата чувствуваше непријатно зуење...

Семпрониј лежеше на отоманот и пушеше цигара. Ја обмислуваше експозицијата на својата најнова социјална драма. На врвот од носот и под очите му се познаваа црвени линии од моноклот што чмаеше крај креветот. Синоќа Семпрониј се врати од гостилницата околу три по полноќ и утрината пиеше горчлива лимонада.

На Јоб му беше непријатно; бараше прикладни зборови за да може да го спомне деликатниот предмет колку-толку благо и неприсилено. Да го обвини Семпронија директно и без извинување би било навредливо, та дури и опасно. Освен тоа, никако не сакаше да предизвика сомнеж дека вчера вечерта бил речиси без свест и дека не се сеќава што правел со своето убедување. Тоа би го прикажало неговиот сталожен карактер во валкано светло.

„Драг Семпрониј, дојдов кај тебе со многу деликатно прашање. Ми се случи нешто необично, крајно непријатно. Се будам јас денес наутро и кога ќе се свртам гледам дека никаде го нема моето убедување.“

Семпрониј ги поткрена трепките и леко затресе со долниот дел од носот.

„Тоа е непријатно... навистина... многу непријатно...“.

„Како што знаеш, синоќа цела вечер бев со тебе во друштво... Да не го... случајно... онака патем... “

Гласот му замре и погледна во својот пријател со прашален поглед. Но, пријателот не се ни помрдна; во истегната десна рака ја држеше цигарата, тресејќи ја пепелта со малиот прст.

„Можеби си го пикнал по грешка кај себе, од расеаност...“

Семпрониј се разлути без никаква причина. Наеднаш стана и одговори со вжештен глас:

„Ако мислиш дека сум ти го однел твоето глупаво убедување, многу се лажеш. Што ќе ми е твоето убедување? За секојдневна употреба моето ми е доволно, иако е во вид на брошура, малку извалкано и долго само единаесет сантиметри... И воопшто, не ѝ ни верувам на твојата приказна. Ми се чини  дека имаш други, споредни намери. Те знам дека си обичен никаквец... “

Јоб беше уништен.

„Ама, драг Семпрониј, не сакав да те обвинам, тоа никако. Од сè срце го почитувам твоето убедување, иако е само во вид на брошура... Моето беше подврзано, со убава зелена кожа... можеш да разбереш како ми е без него. Сакав од тебе да дознаам да не имаше некоја посебна околност... некои важни податоци.... “

„Ништо не знам... И најпосле, ѓавол знае дали тоа навистина и беше некакво си убедување; речиси сигурно се фалиш и твоето убедување не било ништо друго, туку безвредна, соголена предрасуда... Јас лично кај тебе немам забележано никакво убедување...“

Мрмоља воздивна. Семпрониј си запали нова цигара и неколку мига молчеа и двајцата. А лека-полека во срцето на Семпрониј воскреснуваше сочувството; почна да станува свесен дека на Јоб му чини неправда и тоа онака сосема, без никаква навреда од страна на пријателот. Го погледна отстрана, барајќи понежни зборови.

„Успокој се, душичке – работата не е толку сериозна колку што мислиш... Погледни, те молам: колку луѓе живеат среќни и задоволни без најмало убедување. И тоа какви луѓе – угледни и почитувани!.. Советникот Мрож, на пример, нема дури ни предрасуди,  ништо воопшто, а за некакво си убедување не знае ни дека постои, па сепак е советник; сега дури и се бричи...“

Мрмоља одмавна со главата и погледна во таванот.

„Ако работата добро се премери – каква вредност има едно таканаречено убедување? Тогаш кога ти треба ти се испречува на патот, особено ако е тврдо подврзано и дебело; а кога не ти треба можеш и без него и тоа без каква било штета, нормално!.. Не тагувај; тоа не е здраво, човек го губи апетитот... Погледни ме мене – еве го моето убедување...“

Го извлече од џебот и го прелиста; навистина беше веќе премногу извалкано. Дури и се чинеше дека некои листови се скинати.

„Што ќе ми е? Во кал ми има паднато не еднаш – десетпати; ако ми падне по единаесетти пат нема веќе ни да го кренам. Глупост!.. Низ светот талкаат секакви крадци и мрсулковци кои носат со себе елегантен бележник на јавното мислење, наместо сопствено убедување. И добро им годи... А и воопшто тоа е веќе застарена работа; светот непрестајно напредува и со време ќе ги фрли в кош сите тие смешни фосили.. “

Некој тропна и во собата влезе филологот Мавриций Трска...

„Си го изгубил убедувањето?.. Ах, убедување!.. Што сакате со таа невешта кованица? Убедувањето е кованица и ништо друго... У-бедување... Ueber-zeugung... Странцизам! Долу странцизми! Долу убедувања!..“

Трска се сврте така што му зачкрипеа петиците; неговото бело лице блескаше небаре намачкано со лој... Извлече на светлина некој чудесен збор, го преврте неколкупати со

јазикот, потоа го пушти во слободно поле и го следеше преку ридови и долини сè до зеленото санскритско море... “

Мрмоља го прекина.

„Не знам, Семпониј, зошто зборуваш вака, но во секој случај твоите зборови се порочни и неприродни. Некој друг би рекол дека се преправаш и дека под мантилот на малозначајноста криеш некаква измама.... Бог знае дали не си го однел... “

„Што значи ова клеветење? По ѓаволите со тоа твое убедување! Мене не ми е потребно: не ми требате ни ти, ни твоето убедување! Не вреди ни скршена пара, а ти уште помалку... Вакво плачење, и тоа поради убедување!“

Јоб стана и се упати кон портата. Кога беше на врвот од скалите, Семпрониј ја покажа главата низ вратата и викна по него:

„Глупак!“

Однатре се слушна тенок, врескав глас:

„Помислете: кованица! Кованица и ништо друго!“

Мрмоља не се сврте, но по образите му потекоа две солзи.

Реши да појде во полиција. Го премеруваше прашањето, го превртуваше на сите страни и сè повеќе му се чинеше понепријатно и позаплеткано.

„Ако ѝ ја препуштаме целата работа на полицијата, не сум направил ништо. Трчање во градскиот совет, испрашување, распрашување, трошоци,.. а резултат никаде. И Господ знае што сè може да излезе. На крај мене самиот ќе ме обвинат, од која било причина. На тие луѓе таму им доаѓаат мисли што нам на обичните смртници ни се неразбирливи. Некоја ситница, некој непретпазлив збор и ќе седам во апсана...“

Чекореше низ плоштадот потонат во мисли, со потсвиткан врат и напнати усни. Биеше пладне и чиновниците излегуваа

од канцелариите. Над градот светеше сонцето и покривите блескаа во влажниот сјај.

Во тој миг од една споредна улица се покажа висок човек во тесно запетлана сива наметка, на главата носеше цилиндер, а пред очите држеше монокл искован од злато. Во десната рака, со наврена портокалова ракавица, држеше тенок црн бастун, а од широкиот џеб му ѕиркаа испишани хартии.

Мрмоља се стресе. Го преплави нејсно претчувство што се развиваше брзо, се ширеше на сите страни и најпосле сосема го обви неговото срце, јасно и непобитно.

„Зошто ли човеков чекори толку одлучно и самоуверено, зошто ли удира со петиците по калдрмата? Минувајќи крај излозите си ги витка мустаќите; а освен тоа има златен монокл и елегантна наметка... Градите на десната страна му се необично испакнати; - таму го носи своето убедување. А тоа убедување мора да е многу дебело и тврдо, инаку не би удирал со петицата по калдрмата... Најнакрај во ликот до ситница личи на оние луѓе кои крадат убедувања: каков свиткан нос, какви итри очи!..“

Тргна по него. Одеа по различни долги патеки; на Мрмоља му се чинеше дека некои и ги нема видено дотогаш во животот. Забележа многу занимливости на кои дотогаш немаше налетано. Во таа прилика во излогот на еден книгопродавач здогледа словенечка книга... Пред вратата на високата темна куќа застанаа и Мрмоља му пријде на високиот незнајник.

„Простете, велепочитуван господине, што би сакал да Ви се претставам: се викам Јоб Мрмоља. Би сакал со Вас да разменам неколку збора. “

„Помпилиј Строха, државен пратеник... Повелете...“

Поминаа по долга низа мрачни скали и ходници и најпосле стигнаа до една висока порта. Помпилиј го сврте клучот и по неколку комплименти и извинувања седна во меката фотелја.

Кога под него леко се залула кадифената перница, го погали пријатно чувство и за миг го обви чувство на сомнеж...

„Од каде честа, господине Мрмоља, да ме удостоите со вашата неочекувана посета?“

„Господине пратеник, своите даноци си ги плаќам чесно и си ласкам себеси дека сум општо почитуван и сталожен човек... Затоа дотолку повеќе ме растажи и ме скрши горката незгода што ме снајде изутринава. Ако оваа работа не се реши некако, тогаш мојата егзистенција е уништена и мојот живот е изгубен... Ве молам, господине пратеник, не бидете немилосрдни... ќе остане помеѓу нас и ниту една капка кал нема да падне на вашата личност..“

„Простете, господине Мрмоља, ми се чини дека не се изразувате сосема јасно. Вашите зборови се некако магловити, мистични... Инаку, понекогаш е добро кога човек зборува магловито и мистично; пред народот тоа му придава ореол на длабокоумност... Но, во личен разговор тоа не оди.. простете...“

Мрмоља се наведна; со нозете повлече по тепихот и се закашла.

„Дозволете да ви ја откријам целата работа, да ја објаснам точно и по ред... Имав убедување подврзано со зелена кожа и сè уште мошне добро зачувано; беше излижано само на рабовите...“

Пратеникот кимна со главата.

„Разбирам,.. разбирам...“

„И замислете, изутринава, кога се разбудив, моето убедување го немаше никаде. Го барав меѓу книгите, под чаршафот, го пребарав капутот, ја испретурив целата соба. Убедувањето го немаше никаде, а ни најмалку не се сеќавам кога сум можел да го изгубам... Во мигот, господине пратеник, кога ве здогледав на улица, ме преплави непријатен сомнеж...“

Лицето на Помпилиј се збрчка во чудесни, крајно ѓаволести брчки и моноклот му затрепери.

„Еј, братче препреден... ја знам јас таа работа...“

Зад усните му се изви полугласен кикот и тој го крена показалецот на десната рака. Показалецот му беше исклучително краток и дебел.

„Колку барате за него... а? Немојте ни да помислите да ме измамите. Имам искуство... ха, ха,.. имам искуство!“

На Јоб му се раширија очите со крајна зачуденост. Ја потпре длаанката врз коленото ѕурејќи во ликот на господинот пратеник.

„Немојте да се лутите, господине пратеник,.. но ми се чини дека сега сами зборувате некако мистично и магловито... Вашиот показалец,.. не, господине пратеник, не ве разбирам... “

Тивкото кикотење на Помпилеј полека се претвораше во сè погласна смеа. Телото му се тресеше во рамномерен такт небаре од зад грбот го удира невидлива рака.

„Прекрасен сте, господине Мрмоља... Каква невиност... какво волшебно лицемерие! Вие сте роден за министер!... Но сега сме сами, сега тоа е сосема непотребно. Не треба да криете пред мене. Јас точно знам како се купуваат и се продаваат убедувањата. Сопственото по потреба го променив веќе четири пати. Тоа е мошне добро. Човек се чувствува како прероден... Но, да се вратиме на она... Колку би сакале за него? Отворено ќе ви кажам дека засега не сум во забуна. Убедувањата денес се многу евтини. Се добиваат дури и за благонаклона насмевка, подарена на вистинското место во вистинскиот миг. И воопшто, забележуваме дека едно такво богатство е веќе излезено од мода... “

Мрмоља скокна од фотелјата.

„Па, господи, господине пратеник, јас не го продавам моето убедување. Воопшто не. Моето убедување не е никаква предрасуда. Освен тоа е подврзано со зелена кожа... Значи ве замолувам да ми го вратите.“

Ликот на Помпилиј в мигот стана сериозен и студен.

„Како тоа вие ме поврзувате со вашето убедување?.. Мил мој, не избрзувајте со зборовите. Тоа би можело да ви наштети... Јас немам никакво убедување; на неколку дена го заложив и сопственото. Дури и кога би го имал при рака не би можел да ве услужам со него. Потребно ми е во недела на избирачкиот собир... Според тоа, нашиот разговор е без вистинска цел и ми се чини дека немаме што повеќе да си кажеме“.

Зеде весник и навидум се задлабочи во него. Мрмоља го гледаше уште некое време отстрана: најпосле одмавна со раката и се збогува...

Главата му стануваше сѐ потешка; неговиот поглед го затемни чемерност и целиот свет му се причини здодевен и омразен. На мостот воздивна и застана. Го обзедоа болни мисли на кои како општо почитуван и сталожен човек не им се предаде. Го отфрлаше самоубиството и само поради непријатните озборувања и навредливи погодувања по смртта. Освен тоа, се сети дека против самоубиството имаат пишувано најдобрите филозофи од денешнината и од минатото.

Нервозен, натажен и уморен, тргна кон редакцијата на „Вистина“. Патем составуваше соодветен оглас кој истовремено дискретно и јасно би го свртел вниманието на читателите врз изгубениот предмет. Се плашеше да не предизвика кај овега-онега некое погрешно мислење и непотребно да се изблamира. Зашто му беше природно многу да му значат честа и угледот; угледот го негуваат грижливо и нежно дури и луѓето што немаат никакво убедување, дури ни во вид на брошура.

Собата на уредникот на прв поглед му се виде празна; најпосле во едно ќоше помеѓу книгите и хартиите ја здогледа слабичката става на Амброж Кошута, коуредникот за идеалниот дел.

Мрмоља поздрави, Кошута мирно седеше на својот стол. Мрмоља се накашла, Кошута не се ни помрдна. Мрмоља викна, Кошута ја крена главата... Две чемерни очи се вперија во Јоб, лицето му беше сивкасто како покриено со дебел слој прашина, а црвената коса сонливо му лежеше врз ниското чело.

„Господине уредниче, би сакал да огласам во вашиот весник дека по несреќа го загубив своето убедување...“

„Во управата!“

„Не, господине уредниче, работата е необично важна и затоа би сакал меѓу домашните вести да пикнете некаква цртичка...“

„За што?“

„За моето убедување.“

Кошута се почеша под носот.

„Објаснете ми, вие, кој предмет всушност го подразбирате под тој збор?“

Мрмоља го погледна прашално.

„Да, што ѓавол е тоа, убедување?“

„Но тоа не можам да ви го објаснам, господине уредниче. Навистина не. Немам учено логика и затоа не знам да го дефинирам... Убедување?.. Убедување!.. Тоа е едно такво нешто... луѓето го имаат кога им е потребно... Господин Помпилиј Стреха смета дека е излезено од мода, а мојот пријател Семпрониј дури и го нарекува смешен фосил... Моето, на пример, беше подврзано со зелена кожа, додека она на Семпрониј беше само во вид на брошура... Некои имаат само

корици, мошне убави корици; професорот Панкрациј Мулва дури и опшиени со злато, а сепак се само корици... Навистина, не знам да го дефинирам.... “

Кошута се замисли.

„Убедување,.. убедување...“

Најпосле стана, зачекори кон полицата и отвори огромен лексикон... Некое време читаше, тресеше со главата и потоа се сврте кон Мрмоља.

„А од каде го добивте вашето убедување? Да не го украдовте?“

„Не, не... добога,.. зошто би го украл? “

„Хм... кој знае; во секој случај, вашата работа не е сосема невина...“

„Ама, ве молам, за што ме обвинувате?“

Кошута ги поткрена рамената.

„Тогаш, напишете цртичка... На крајот од краиштата, зарем воопшто и е потребно?.. Јас никогаш немам видено никакво убедување и покрај тоа живеам чесно. Моите прилози се едноставно генијални, без самофалба. Така суди публиката... Очигледно дека не спаѓате во модерното општество, вие со вашите застарени поими... Ама тоа си е ваша работа; каква цртичка сакате?“

Мрмоља ги стисна усните, погледна низ прозорецот и помисли.

„Па, некаква цртичка! Напишете: еден човек, општо почитуван и сталожен човек, на 21 овој месец го изгуби своето убедување. Подврзано е со зелена кожа и мошне добро зачувано. Ако некој случајно налета на него, нека го врати. Награда по договор. Насловот познат на редакцијата“.

Перодршката чкрабаше врз хартијата и Мрмоља замолкна. При неговите последни зборови во собата влезе главниот

уредник. Го соблече капутот, си ја измазни долгата, ценета брада, зеде в раце куп хартија и молкум седна крај масата. Кога Кошута му ја објасни работата со убедувањето, го згрчи лицето и патем се сврте по малку љубопитно кон Јоб. Не изусти ниту зборче...

---

Само уште куса забелешка. Мрмоља не го најде своето убедување. На огласот на „Вистина“ се јавија недоброј нечесни луѓе; алчни за ветената награда носеа секакви глупости: своите безвредни и од вечно пренесување од рака в рака речиси излижани убедувања, будалести предрасуди, петпаречки јавни мислења итн. Некој му испрати дури и бележник подврзан во црвено од Бедекер... Нормално дека на Мрмоља сето тоа не можеше да му помогне. Од тешка жал и горчина ослабе, лицето му пропадна, а лекарите наскоро се откажаа од него. Умре на празникот на Богојавление и прекрасниот погреб сведочеше за неговата општа омиленост кај народот.